Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од СтатутотнаОпштинаБерово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23)„ а во врска со член 122, 123 и 124од Закон за водите(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Советот на општина Берово на 53-та седница одржана на 28.11.2024 година донесе:

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ
## Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2025 година

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои , одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Берово од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

- Природниот водотек **"Маначиски поток"** кој се протега покрај улиците „Вељко Влаховиќ“ и улицата „Јуриј Гагарин" предизвикува поплави за време на порои и е потребно чистење на наносот и транспортирање на истиот во депонија. Предвидено е да се чисти потегот низводно од улицата „Борис Кидрич“ и узводно покрај улицата „Балканска" во должина од **1000 м**.

- Чистење нанос на **„Чучурски андак“**долж улица Илинденска во Берово, во потег каде што ево отворен каналсо должина од околу **200 м.**

- Чистење на нанос во нерегулирано„**Корито на река Брегалница“** узводно од мостот на ул. „11 Октомври“ до граница на опфат на урбанистички план, и низводно од пешачкиот мост на ул. „Вељко Влахович“ до Мост на регионалниот патен правец Берово-Струмица во должина од **1000 м**. И регулирано „Корито на река Брегалница„ од Мостот кај пазарот до мостот кај кафтанци **460** м .**Вкупно 1460 м.**

- „**Ратевска река“** низводно во градежниот опфат на село Ратево.Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините.

- „**Русинска река“ -** предвидени активности за чистење на потегот во село Русиново од завршетокот на улица „Димитар Влахов“ до под мостот на улица „11 Октомври“ во должина од **500 метри**, а се состои од чистење на наноси, вегетација и проширување на речното корито.

- „**Дворишка река“ -**Узводно во градежниот опфат на село Двориште**.** Ќе се работи на чистење на нанос, продлабочување на коритото со формирање на косини на брегот спроти локалниот пат.

- „**Смојмирска река** „-во опфатот на село Смојмирово, Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините во должина од **1000 метри**
- 

Член 3

Средстватазафинансирањенапредвидените активностиворамкинаоваа Програма во вредност од **2.000.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово од програма Ј2- одведување и пречистување на отпадни води.

Бр.09-3955/1
28.11.2024 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
с.р. Петар Ружински